РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08-1279/6
17. 04. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 52 седница одржана на 14.02.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Телекомуникации во одбранбениот систем - род врски", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Телекомуникации во одбранбениот систем - род врски", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер за телекомуникации - род врски /во меѓународен промет, стручен, назив: Graduated engineer for telecommunications - branch signals.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 212 Компјутерска техника и информатика и 224 Телекомуникационо инжинерство Научно – истражувачка област: 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациони системи и мрежи, 22400 Теорија на информации и комуникации и 22403 Радиокомуникација.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-762/30 од 22.11.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Телекомуникации во одбранбениот систем - род врски", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-133/7-1 од 19.12.2022 година (наш бр. 08 -1279/1 од 20.12.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 23.12.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1279/3 од 17.02.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 52-та седница одржана на 14.02.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова
Иванова